РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-344/4
11-05-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 86-та седница одржана на ден 05.05.2023 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по пријавата со број 12-344/1 од 17.01.2023 година, поднесена од ------------------------, со наводи за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на -------------------------на ООУ ---------------------- Миравци и сомневање за прекршување на член 40 од Законот за јавни набавки , СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, но со сомневање за постоење на можен прекршок согласно Законот за јавни набавки, по што ДКСК оцени предметот со целокупната документација до го достави на надлежно постапување до Бирото за јавни набавки.

Предметот со број 12-344/1 од 17.01.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 17.01.2023 година, доставена е пријава заведено под број 12-344/1, со наводи за злоупотреба на службената должност и овластување од страна на ------------------------- на ООУ -------------------------- Миравци и прекршување на член 40 став 1 од Законот за јавни набавки.

Подносителот во пријавата наведува дека ООУ --------------------Миравци во текот на 2021 година има склучено 4 договори без да спроведе постапки за јавна набавка, на начин што се сомнева дека договорниот орган извршил делење на набавките на повеќе посебни набавки со пониска вредност со цел да избегне примената на Законот за јавни набавки и со тоа дејство го прекршиле член 40 став 1 и став 3 од Законот за јавни набавки. Според наводите во пријавата, горенаведеното училиште има склучено два договори без да спроведе постапка за јавна набавка и тоа Договор бр.---------------- од 18.08.2021 година и Договор бр.----------------- од 06.10.2021 година за изведување на градежни работи во вредност од 557.962 денари без ДДВ, кое вредност го надминува пропишаниот праг за примена на Законот за јавни набавки. Согласно Законот за јавни набавки вредносни прагови за примена на Законот се 1000 евра во

денарска противвредност за стоки и услуги и 5000 евра во денарска противвредност за работи. Исто така подносителот во пријавата наведува дека ООУ ----------------------Миравци склучил Договор бр.------------+ на 11.11.2021 година за изградба на летна училница во ООУ ------------------------- Миравци, чија вредност била 297.000 денари со ДДВ и на 26.11.2021 година има склучено Договор бр.---------------- за демонтажа на постоечки фиксни решетки на прозорци во канцеларии и холови, изработка и монтажа на нови рамки со нови механизми без да спроведува постапка за јавна набавка. Исто така подносителот отвори сомневање за недомаќинско управување и предвремено потрошување на целата количина на маслото за горење во училиштето од страна на ----------------на ООУ ------------------- Миравци. Договорот за набавка на масло за горење-Екстра лесно 1(Ел-1) со вкупна вредност од 14.668.537,00 денари со ДДВ за 2021 година е склучено меѓу Општина Гевгелија (во име на јавните општински установи) и ДПТУ -----------------------ДООЕЛ Скопје. За ООУ ---------------------- Миравци било набавено количина од 17,000 литри масло за горење во вредност од 959,096,68 денари.

Со цел утврдување на фактичката состојба ДКСК се обрати со Барање за прибирање на информации до Општина Гевгелија - Одделението за испекциски работи, со барање извршување на внатрешна ревизија на договор бр.-------------, договорот бр.-----------, договорот бр.-------------, договорот бр.---------------- и договорот бр.--------------- склучени од ООУ -----------------------Миравци и други правни лица.

Во законски утврдениот рок, добиени се сите информации и утврдена е следната фактичка состојба:

-Општина Гевгелија ни достави одговор во кој е наведено дека во општинската администрација немаат вработено лице на работна позиција внатрешен ревизор и дека не се во можност да извршат ревизија.

По разгледувањето на пријавените наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и укажува на можен сторен прекршок од страна на Директорот на ООУ --------------------------- Миравци, односно се сомнева за можно прекршување на член 40 став 1 и 3 од Законот за јавни набавки и имајќи го во предвид тоа што, надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Бирото за јавни набавки, предметот со целокупната документација го препраќаме на надлежно постапување до Бирото за јавни набавки. ДКСК за донесената одлука ќе го известува и Градоначалникот на Општина Гевгелија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ф.Ј
Одобрил : С.П.Д , член на ДКСК